музеј на современата уметност — скопје
museum of contemporary art — skopje
самоилова б.б.
п.п. — 482
тел. — 091/235-244
samoilova b.b.
p.b. — 482
tel. — 091/235-244

Бр.08-78/8
Скопје, 19.IX.1984 год.

ДО

ЛУПЧО ЈАКИМОВСКИ
Директор

ТЕЛЕВИЗИЈА СКОПЈЕ
91000 С к о п ј е

Почитуван другар Јакимовски,

Во остварувањето на својата програма Музејот на современата уметност не се стреми исклучиво кон прикажување на постигнувањата и проблемите од ликовната тематика, туку и воопшто кон презентација и запознавање на нашата јавност со достигнувањата во сите области на визуелната комуникација (филмот,фотографијата,карикатурата,плакатот итн.).

Една од појавите во областа на визуелните комуникации којашто во последно време врши силна експанзија во квалитативна смисла и со тоа го привлекува нашето внимание, е медиумот на видеото-резултат на телевиската техника и продукција,со кој што веќе подолго време се занимаваат повеќе уметници од светот и Југославија, како со самостојна уметничко изразно средство. Од овие причини сметаме за неопходно да се превземе иницијатива, покрај постоечката желба, во насока на првично информирање на нашата јавност за постоењето и достигнувањето на полето на видеото по пат на директна презентација, а во вид на неколку дневна манифестација која би се одвивала во изложбените простории на МСУ. Меѓутоа, имајќи ја предвид природата на овој релативно млад медиум, чиишто истражувања и дострели имаат не мало влијание во изнаоѓање на нови изразни можности во доменот на телевизиската продукција, се наметна идејата за пристапување кон една заедничка реализација на манифестацијата, во која што соработка ќе најдат меѓусебен интерес и Телевизија Скопје и Музејот на современата уметност. Во таа смисла и со Вас неодамна се водени принципиелни разговори.

Сведувајќи ја идејата за оваа манифестација на конкретно рамниште сметавме дека ќе биде најцелисходно да ја поделиме и прикажеме според карактерот на видео остварувањата. Имено, замислуваме прикажувањето да се одвива паралелно на два нивоа, односно во две меѓусебно поврзани сали од музејскиот простор. Во едната би се прикажувале видео-касети со остварувања на повеќе ликовни и други уметници кои видео-медиумот го користат исклучиво како уметничко изразно средство и чиишто истражувања, како во рамките на самиот визуелен јазик, така и во областа на технолошкото истражување, придонеле и придонесуваат за проширување на неговите можности. Во втората сала би се прикажувале одредени видео остварувања кои припаѓаат на телевизиската продукција,(рок-спотови,успешни рекламни спотови, редовни телевизијски програми итн.) кои покрај уметничко-естетски имаат и некој други конотации (комерцијалност, популарност, комуникативност со најшироката публика, дидкатичност идр.). За обезбедување на соодветни видео-касети Музејот веќе превзема одредени чекори и веруваме дека, што се однесува до првиот дел од програмата (уметничкиот, некомерцијалниот) ќе имаме квалитетен избор на материјал, додека за вториот дел се надеваме дека Телевизија Скопје ќе најде мотиви за прикажување на соодветни остварувања од сопствената продукција (за кои смета дека заслужуваат прикажување како егзимпларни телевизијски продукции). Предвидуваме манифестацијата да се одвива